# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**од стручната работилница на тема**

## „ПРЕДИЗВИЦИ ВО НАДМИНУВАЊЕ НА ЗАТВОРСКАТА ПРЕНАТРУПАНОСТ - УСЛОВЕН ОТПУСТ, ЕЛЕКТРОНСКИ НАДЗОР И ТРЕТМАНОТ ВО ФУНКЦИЈА НА УСПЕШНА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА“

04 ОКТОМВРИ 2024 ХОТЕЛ МЕРИОТ, СКОПЈЕ



Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ГРАДЕЊЕ НА УСЛУГИ ЗАСНОВАНИ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА ПОДДРШКА НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОРАНЕШНО ОСУДЕНИ ЛИЦА

На работилницата се дискутираше за проблемот со кој се соочуваат казнено-поправните установи во Република Северна Македонија, проблемот на нивна пренатрупаност и можните решенија.

Пенитенцијарниот систем во Северна Македонија се соочува со сериозен проблем на пренатрупаност во казнено-поправните установи (КПУ). Се проценува дека во казнено-поправните установи има речиси двојно повеќе затвореници отколку што дозволува капацитетот на установата. Со години, речиси сите КПУ се соочуваат со проблемот на пренатрупаност, односно со години вкупниот број на затвореници е близу 3000, а вкупниот максимален капацитет (со одредени преадаптирани простории за сместување затвореници чија првична намена не е просторија за сместување) изнесува 2026. Тоа значи дека има 1,5 затвореници на едно легло.

Или, на пример, во КПД Идризово каде што ситуацијата со години е најдраматична, на капацитет од 700-800 затвореници (со одредени преадаптации на простории спротивно на стандардите на Комитетот за превенција од тортура (КПТ) со вкупен капацитет од 1094 места), со години беа сместувани близу 2000 затвореници. Истото се констатира и во други казнено-поправни установи.

По донесувањето на Законот за амнестија во 2017 година и со отпуштањето на 815 лица, состојбата со сместувањето се релаксираше, но, мора да се напомене дека ваквото решавање на проблемот на пренатрупаност беше само привремено. Земајќи ја во предвид судската казнена политика, како и високата стапка на рецидивизам, затворските капацитети повторно се преполнија.

Со пренатрупаноста грубо се крши правото на затворениците на минимум простор за живеење (4м2/ 9м3) што понатаму генерира други проблеми (неуспех, поради недостаток на персонал и други притисоци, да се спроведе процесот на ресоцијализација што резултира со зголемување на рецидивизмот).

Проблемот на пренатрупаност го генерира порастот на затворската популација. Во РСМ е забележан тренд на континуиран пораст на затвореничката популација што дополнително го истакнува проблемот на пренатрупаност на КПУ.

Во ваков случај се прават напори да се градат нови затвори за да се обезбедат нови (скапи) затворски места, кои најверојатно брзо ќе се пополнат (и ќе се преполнат) за релативно кратко време, а сето тоа нема да биде од корист за подобрување на безбед-

носта во заедницата. Оттука, потребна е политика за намалување на бројот (или барем запирање на растот) на затворската популација.

Треба да се посвети внимание на: Препораката број R (99) 22 на Комитетот на министри до земјите-членки за пренатрупаноста во затворите и зголемувањето на затворската популација и Препораката Rec (92) 17 во врска конзистентност во изрекувањето на казната. Понатаму, посебно внимание треба да се посвети на алтернативните санкции и мерки веќе воведени во нашето законодавство со измената на Кривичниот законик во 2004 година.  Затоа, внимание треба да се посвети на: Европската конвенција за надзор на условно осудени или условно отпуштени лица (1964) - ETS бр. 51, CM / Rec (2010) 1 за пробациските правила,  Rec (2003) 22 за условниот отпуст, Rec (2000) 22 за унапредување на примената на Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата, R (99) 19 во врска со медијацијата во кривичните предмети, Rec (92) 16 за Европските правила за санкции и мерки кои се применуваат во заедницата, R (79) 14 во врска со примената на Европската конвенција за надзор над условно осудени или условно отпуштени лица, Резолуцијата (70) 1 за практичната организација на мерките за надзор и последователно згрижување на условно осудените или условно отпуштените лица, Препораката CM/Rec(2014)4 за електронско следење,  Препораката CM/Rec(2017)3 за Европските правила за санкции и мерки на заедницата, Препораката CM/Rec(2018)8 во врска со ресторативната правда во кривичната материја.

Еден од начините за да се намали пренатрупаноста во КПУ е употреба на алтернативните санкции и мерки. Треба да се охрабрат судиите почесто да ги применуваат алтернативните мерки предвидени со закон, но и да се убеди пошироката јавност дека со нив не се доведува во прашање системот на казнена правда, напротив бенефитите од истите е голем. Нашата држава треба да се стреми кон прифаќање на современиот концепт и да се залага за изрекување затворски казни за сериозни кривични дела и на опасни криминалци, а, од друга страна, поширока примена на алтернативните мерка и вонинституционален третман за полесните кривични дела и за примарните сторители.

Следен чекор е почеста примена на условниот отпуст. Комитетот на министри на Советот на Европа укажува дека „Условниот отпуст е еден од најефикасните и најконструктивните начини за спречување на повратот и унапредување на ресоцијализацијата со што на затвореникот му се обезбедува планирана помош и контролирана реинтеграција во заедницата”. Условниот отпуст е особено значаен во остварувањето на процесот на ресоцијализација. Но, од податоците за примена на условниот отпуст во нашата држава, може да се заклучи дека истиот многу ретко се изрекува, а и во случаите кога ќе биде

уважена молбата за отпуштање по основ на условен отпуст, најчесто се одобрува на затвореници осудени на кратки казни, а се одобрува во времетраење до 3 месеци. Оттука, произлегува дека не е исполнета основна цел на институтот условен отпуст, а тоа е истиот да ги мотивира затворениците активно да се вклучат во процесот на сопствената ресоцијализација, да ги стимулира на примерно поведение и активно да учествуваат во работното ангажирање во установата. Податоците покажуваат дека условниот отпуст треба и натаму да се следи и изучува од аспект на неговата примена за посебни категории осудени лица и видови кривични дела. Изучувањата треба да овозможат поставување на критериуми што ќе имаат за цел да обезбедат услови за поширока примена на овој инстситут. Ова, дотолку повеќе што практиката покажува дека е занемарлив бројот на отпуштените на условен отпуст кај кои дошло до негово отповикување. Во оваа насока од особено значење е да се следи и изучува пенолошката практика кај одделни категории осудени лица и одделни видови кривични дела.

Следно решение е пробацијата. Веројатно најефективниот начин за намалување на големината на затворската популација е поширока примена на пробацијата што, пак, подразбира добро опремена пробациска служба, која ќе обезбеди поддршка за затворскиот систем и алтернативните мерки во кои ќе имаат доверба судовите и пошироката јавност. Пробациската служба врши надзор над осудените лица и им нуди поддршка, сè со цел подобро да се интегрираат и ресоцијализираат во заедницата во која функционираат, а со тоа се подобрува безбедноста на средина и се намалува затворската популација. Пробациската служба е воспоставена со донесувањето на Законот за пробација во 2015 година. Службата е составена од мултидисциплинарен тим на дипломирани социјални работници, правници, психолози и педагози. Во 2017 година е отворена првата пробациска канцеларија за подрачјето на Основен кривичен суд Скопје, а во 2018 година уште десет пробациски канцеларии низ земјата.

Од особено значење за примената на алтернативните мерки е и електронскиот надзор на осудените лица што, за кој, за жал, сè уште не се создадени услови за негова примена.

Понатаму, стапките на рецидивизам се во корелација со постигнатиот степен на ресоцијализација на осудените лица. Посебно се истакнува значењето на работата како облик на третман во насока на остварување успешна ресоцијализација и реинтеграција на затворениците. Како препораки што се истакнуваат до Владата се: алоцирање ресурси за ефективен работен ангажман на осудените лица, како и предвидување одредени даночни олеснувања со цел стимулација на правни лица работно да ангажираат осудени лица за време на издржување на казната затвор и по отпуштањето од КПУ. За

Управата за извршување санкции (УИС) и КПУ се препорачува: да се изготви статистички прашалник со цел унифицирана методологија на следење на работниот ангажман на осудените лица; да се направи проценка на тековната состојба и можностите за работно ангажирање на осудените лица во и надвор од КПУ; да се обезбедат можности за работа за сите осудени лица согласно нивните квалификации; да се обезбедат опрема и материјали кои се неопходни за функционирање на работилниците во затворите, како и кадровско екипирање; да се унапреди соработката со јавни претпријатија и правни лица со цел работно ангажирање на осудени лица; соработка со релевантни институции и компании со цел да се обезбеди стручно образование за осудените лица и нивно стекнување со диплома (сертификат) за различни занимања; да се зголеми надоместокот што го добиваат осудените лица за нивниот работен ангажман; поттикнување, охрабрување и давање совети на осуденото лице за прифаќање на работата како облик на третман. Центрите за социјална работа треба да пружат помош и поддршка на осудените лица по отпуштањето од издржувањето казна затвор преку: пронаоѓање вработување и довршување на стручното оспособување и соработка со Агенцијата за вработување. Пробациските службеници треба да се залагаат за укажување соодветна помош на лицата по отпуштањето од казнено-поправната установа и соработка со Агенцијата за вработување, а Агенцијата за вработување да укажува помош при вработување на лицата по отпуштањето од казнено-поправната установа, бидејќи процесот на ресоцијализација продолжува и по издржана казна затвор. Јавните претпријатија и правните лица треба да се сензибилизираат за потребата од работен ангажман на осудени лица и да се ослободат од предрасудите спрема осудените лица со цел помасовно нивно вработување по издржана казна затвор.

Може да заклучиме дека пенитенцијарниот систем во нашата земја de jure има карактеристики на модерен систем, но de facto се соочува со сериозни слабости. Оттука, се јавува потреба од итни реформи на пенитенцијарниот систем во Република Северна Македонија. Сепак, за истите се потребни системски решенија, во насока и на менување на судската казнена политика и почесто изрекување на алтернативните мерки за полесни кривични дела, како и поширока употреба на условниот отпуст. Ова ќе придонесе за намалување на затворската пренатрупаност, избегнување на негативното влијание на институционалните казни, за сметка на позитивните ефекти на вонинституционалните санкции, а сè во насока на ефикасно остварување на процесот на ресоцијализација на осудените лица и во крајна линија намалување на високите стапки на рецидивизам.

www.msp.mk

Овој проект е финансиран од Европската Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ГРАДЕЊЕ НА УСЛУГИ ЗАСНОВАНИ НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА ПОДДРШКА НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПОРАНЕШНО ОСУДЕНИ ЛИЦА



МЗМП

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

избор

Здружение за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лица зависни од психоактивни супстанци Избор Струмица

МАКЕДОНСКО ПЕНОЛОШКО ДРУШТВО